СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Второто продолжение на Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 ноември 1997 година

Скопје, ноември 1997 година

II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 78-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 12 НОЕМВРИ 1997 ГОДИНА

ДИСКУТАНТИ:

1. ТИТО ПЕТКОВСКИ-1( води седница )

Дневен ред:

Точка 8 - Закон за данок на додатна вредност (продолж.од претх.ден) само гласање

Точка 12 - Пред. одлука за дав. согласн.на Статутот на Јавна здр. организ. Мед. Центар "Б.Камчев".-Гост.

- Законот за ветерибарство се одлага за наредна седница

- КРАЈ -

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од второто продолжение на Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 12 ноември 1997 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1 со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по 78-та седница на Собранието на РМ.

Пратениците Ратка Куљан Зографска, Илинка Митрева, Рами Туда, Хисен Рамадани, Панче Насев и Тодосие Паунов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми во ваше и во мое име да му го честитам роденденот на пратеникот Ферид Мусовски и да му посакам добро здравје и успех во работата.

Минатиот пат седницата ја прекинавме кај 8-та точка - Предлог за донесување на закон за данок на додатна вредност.

Во овој случај не е потребен претставник од Министерството за финансии бидејќи ние претресот го заклучивме, а ни остана само гласањето по оваа точка.

Бидејќи на последното продолжение на седницата го заклучив претресот по оваа точка, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за данок на додадена вредност,

2. Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави нацрт на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувања содржани во извештајот на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ да се достави до Владата на РМ и до Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (73) .

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Поради спреченост на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство кој се наоѓа на службен престој во странство, предлогот за донесување на закон за ветеринарство ќе го разгледаме на една од наредните седници на Собранието, бидејќи тоа е негово барање.

Минуваме на точка 12 - Предлог на одлука за давање согласност на статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борис Камчевски" - Гостивар.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака (73)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Статутот на јавната здравствена организација медицински центар "Борис Камчевски"-Гостивар.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 78-та седница на Собранието на РМ.

(Седницата заврши во 12,05 часот)